Врз основа на член 81 став (4) и член 92 став (4) од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" бр.102/19),Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 23.09.2021 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИИ ЗА ОЦЕНКА НА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СУДОВИТЕ

## Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на формирањето на комисии за оценување работата на судиите и претседателите на судовите врз основа на исполнетост на квалитативни критериуми.

Член 2

(1) Квалитетот на водење на судската постапка се утврдува преку увид во пет предмети добиени по случаен избор од страна на АКМИС и пет предмети определени од оценуваниот судија, во периодот на оценување од страна на Комисија надлежна за увид во предмети и оцена на квалитетот на водење на постапката на конкретниот судија ( во натамошниот текст: Комисија за увид и оцена) составена од петчлена на судии од сите апелациони судови,односно од непосредно повисок суд.

(2) Квалитетот на донесена одлука во судска управа се утврдува преку увид во пет предмети добиени по случаен избор од страна на АКМИС и пет предмети определени од оценуваниот претседател на суд, во периодот на оценување од страна на Комисија надлежна за увид во предмети и оцена на донесена одлука во судска управа на конретниот претседател на суд( во натамошниот текст: Комисија за увид и оцена) составена од петчлена судии на непосредно повисокиот суд.

(3) Бројот на Комисите за увид и оцена го утврдува Судскиот совет на Република Северна Македонија

## Комисии за увид и оцена на судии на основните судови

Член 3

Комисијата за увид и оцена на судии на основните судови е составена од петмина судии, од кои двајца се судии на апелациониот суд на чие апелационо подрачје постапува оценуваниот судија и по еден судија од останатите три апелациони судови.

Член 4

За оценувањето на судиите на основните судови се формираат **:**

1.Комисија за увид и оцена на судии на Основниот суд Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга, составена од двајца судии на Апелациониот суд Битола и по еден судија на Апелациониот суд Гостивар, Скопје и Штип.

2.Комисија за увид и оцена на судии на Основниот суд Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар, составена од двајца судии на Апелациониот суд Гостивар и по еден судија на Апелациониот суд Битола, Скопје и Штип.

3.Комисијата за увид и оцена на судии на Основниот суд Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје, составена од двајца судии на Апелациониот суд Скопје и по еден судија на Апелациониот суд Битола, Гостивар и Штип.

4.Комисијата за увид и оцена на судии на Основниот суд Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип, составена од двајца судии на Апелациониот суд Штип и по еден судија на Апелациониот суд Битола, Скопје и Гостивар.

**Комисија за увид и оцена на судии на апелационите судови**

Член 5

Комисијата за увид и оцена на судии на Апелационен суд Битола, Гостивар, Скопје и Штип, е составена од петмина судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Комисија за увид и оцена на судии на Управниот суд**

Член 6

Комисијата за увид и оцена на судии на Управниот суд е составена од петмина судии на Вишиот управен суд.

**Комисии за увид и оцена на претседатели на судови**

Член 7

(1) За оценувањето на претседателите на основни судови се формираат **:**

1.Комисија за увид и оцена на претседател на Основниот суд Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга, составена од пет члена судии на Апелациониот суд Битола.

2.Комисија за увид и оцена на претседател на Основниот суд Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар, составена од пет члена судии на Апелациониот суд Гостивар .

3.Комисијата за увид и оцена на претседател на Основниот суд Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје, составена од пет члена судии на Апелациониот суд Скопје.

4.Комисијата за увид и оцена на претседател на Основниот суд Берово, Виница, Делчево,Кочани, Радовиш,Свети Николе, Струмица и Штип, составена од пет члена судии на Апелациониот суд Штип .

(2) Претседателот на Апелационен суд во Битола, Гостивар, Скопје и Штип, го оценува Комисијата за увид и оцена од членот 5 на овој правилник.

(3) Претседателот на Управниот суд, го оценува Комисијата за увид и оцена од членот 6 на овој правилник.

**Листи на кандидати за членови на комисии за увид и оцена**

Член 8

(1) Судскиот совет на Република Северна Македонија составува листи на кандидати со имиња на судиите на Апелациониот суд Битола, Скопје, Штип и Гостивар, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија според потребната специјализација (кривична, граѓанска, стопанска, управна област или друга област од делокругот на работата на судот) како потенцијални членови на Комисиите за увид и оцена .

(2)Во листите на кандидати не се опфаќаат судиите кои во периодот на оценување исполнуваат услови за заминување во пензија, или се отсутни од работа од други причини, како што е болест ,суспендирани од вршење на судиската функција и др.

(3)Судскиот совет на Република Северна Македонија листите на кандидати со имињата на судиите од ставот ( 1) на овој член ги става на увид во судот и на својата веб страна, најдоцна во рок од два месеци пред отпочнување на постапката на оценување.

(4) Секој член на Советот и секој судија има право во рок од три дена по писмен пат да бара исправка на податоците.

(5) Судскиот совет во рок од три дена од приемот на приговорот од ставот (4) на овој член одлучува со решение.

(6) Во случај кога постојат причините наведени во став 2 од овој член, постапката за избор на нов член на Комисијата за увид и оцена се повторува согласно овој правилник.

**Формирање на комисии за увид и оцена**

Член 9

(1) Судскиот совет на Република Северна Македонија во рок од 15 дена пред отпочнување на постапката за оценување ги формира Комисиите за увид и оцена.

(2) Претседателот и членовите на Комисиите за увид и оцена, се избираат на седница на Судскиот совет, по случаен избор.

(3) Советот составува записник за изборот и истиот јавно го објавува на веб страната на Советот.

Член 10

(1) Имињата на сите судии се ставаат во идентични пликови и во кутија според судот во кој ја вршат судиската функција.

(2) Претседателот и членовите на Комисиите за увид и оцена се избираат со извлекување на пликовите од кутијата.

(3) Извлекувањето на пликовите го врши Генералниот секретар или друго лице определено од Советот .

**Избор на членови на комисиите за увид и оцена**

Член 11

(1) Членовите на Комисиите за увид и оцена на судии на основните судови се избираат со извлекување на два пликови од кутијата во која се имињата на кандидатите од редот на судиите на апелациониот суд на чие апелационо подрачје постапува оценуваниот судија и по еден плик од останатите три апелациони судови .

(2) Членовите на Комисиите за увид и оцена на претседатели на основните судови се избираат со извлекување на пет пликови од кутијата во која се имињата на кандидатите од редот на судиите на апелациониот суд на чие апелационо подрачје постапува оценуваниот претседател на суд .

(3)Членовите на Комисијата за увид и оцена на судии на апелационите судови се избираат со извлекување на пет пликови од кутијата во која се имињата на кандидатите од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

(4)Членовите на Комисијата за увид и оцена на судии на Управниот суд се избираат со извлекување на пет пликови од кутијата во која се имињата на кандидатите од редот на судиите на Вишиот управен суд.

**Избор на претседател на комиисите за увид и оцена**

Член 12

(1)По извлекување на пликовите со имиња на избрани членови на Комисиите за увид и оцена , истите повторно се пакуваат во идентични пликови и се ставаат во кутија.

(2)Претседателот на Комисијата за увид и оцена се избира со извлекување на еден плик од редот на членови на соодветната комисија.

**Одговорност на комисиите**

Член 13

За својата работа Комисиите за увид и оцена одговораат пред Судскиот совет на Република Северна Македонија.

**Административната и техничка помош**

Член 14

Административната и техничка помош во работењето на Комисијата за увид и оцена обезбедува судот во кој комисијата врши оценување.

**Преодни и завршни одредби**

Член 15

Овој правилник се објавува на веб страна на Судскиот совет следниот ден по неговото донесување, а ќе отпочне да се применува во следното оценување на работата на судиите и претседателите на судовите.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**Заменик претседател-Zëvendës Kryetar**

**M-r Milazim Mustafa**

**Бр. 01-1483/1**
**24 септември 2021 година**
**Скопје**